**Македонска Кошаркарска Федерација**

Судиска комисија на Македонија при МКФ

Предмет:
**ОДЛУКА за задолжително судење натпревари во младинските лиги**

Судиската комисија на Македонија при МКФ на состанокот одржан на ден 11.11.2010 година, едногласно ја донесе следната:

## Одлука

Се задолжуваат сите судии, делегати и делегат-контролори, соодветно да се придржуваат на Пропозициите за натпреварување во младински категории, донесени од УО на МКФ, особено членовите 42 и 43, кои ја регулираат **обврската на судиите и делегатите за вршење должност и на натпревари од младинските лиги на МКФ.**

Се препорачува поискусните судии, по отсудениот натпревар, заедно со делегатот да поразговараат со помладите колеги, со цел едукација и унапредување на нивното судење.

Делегатите се задолжуваат најдоцна 72 часа од натпреварот, да испратат контрола за судењето на младите судии, до Општинската судиска организација, со цел следење, едукација, рангирање и напредок на младите судии.
Истите да се доставуваат на соодветните обрасци утврдени од страна на СК МКФ, пополнети на начин утврден од страна на Стручното работно тело на СК МКФ.

Одлуката стапува на сила веднаш.

Потпретседател на СК МКФ,

Сашко Павловски

Доставено до:
- Сите судии и делегати (преку е-маил)
- Архива на СК МКФ
- Комесар за младински лиги при МКФ